ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Сл.Весник на Р.Македонија бр.31 од 05.05.2003 година

Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/2000 и 6/2002) во членот 95-а ставот 1 се менува и гласи:

"Акциите и уделите од член 95 став 1 на овој закон, се продаваат по пат на јавна берзанска аукција, согласно со процедурите за тргување на акциите и уделите донесени од страна на Берзата врз основа на претходно добиено мислење на Агенцијата."

По ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

"По исклучок од став 1 на овој член продажбата на акциите, односно уделите може да се врши и врз основа на претходно објавен јавен повик за прибирање на понуди, доколку се работи за друштва определени со акт на Владата на Република Македонија, а се од особено значење за економијата на Република Македонија и постојат можности и интерес за проширување и реактивирање на деловните активности на друштвата.

Исклучокот од став 2 на овој член се однесува и на претпријатијата опфатени со Акциониот план за претпријатијата загубари, донесен од Владата на Република Македонија.

При продажбата на акциите и уделите од став 2 на овој член соодветно се применуваат одредбите на член 48 став 3, член 50, член 50-а и член 62 ставови 2 и 3 од овој закон.

Во став 2 кој станува став 5 по зборот "уделите" се додаваат зборовите: "освен во случаите од став 2 на овој член".

Во став 3 кој станува став 6 по зборот "акциите" се додава зборовите: "и уделите".

Член 2

Насловот пред членот 95-6 "1. Продажба на акции" се брише.

Член 95-6 се менува и гласи:

"Плаќањето на акциите и уделите може да се врши во готово или со хартии од вредност издадени од Република Македонија."

Член 3

Член 95-в се менува и гласи:

"Почетната продажна цена на акциите и уделите, предмет на продажба, ја утврдува Управниот одбор на Агенцијата.

Минималната почетна продажна цена од став 1 на овој член изнесува 10% од номиналната вредност на акциите и уделите во друштвата, освен во случаите кога анализата на економските параметри на друштвото или понудата и побарувачката на акциите на организираниот пазар на хартии од вредност упатуваат на повисока, односно пониска пазарна цена."

Член 4

Членовите 95-г, 95-д, 95-ѓ и 95-е се бришат.

Член 5

Насловот пред членот 95-ж "2. Продажба на удели" и членот 95-ж се бришат.

Член 6

Во членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/99) ставот 1 се менува и гласи:

"Во случаите кога постои основано сомнение за оштетување на општествениот и државниот капитал, се врши финансиска, сметководствена и правна контрола над законитоста на постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и продажбата на акциите и уделите издадени врз основа на општествениот и државниот капитал."

Ставот 2 се брише.

Во ставот 3 по зборовите: "Министерство за финансии" се додаваат зборовите: "-Управа за јавни приходи".

Во ставот 4 зборот "Агенција" се заменува со зборовите: "Комисијата на Владата за приватизација".

Ставот 5 се менува и гласи:

"При вршењето на контрола, субјектите над кои се врши контрола се должни на надлежните органи да им ја ставаат на увид целокупната потребна документација."

Во ставот 6 зборовите: "Агенцијата, јавниот правобранител и јавниот обвинител на нивна надлежност" се заменуваат со зборовите: "поднесувачите на барањето за контрола од став 4 на овој член".

Во ставот 7 зборовите: "трајниот влог на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "државниот капитал", а на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "согласно со постојните прописи".

Ставот 8 се брише.

Член 7

Акциите и уделите издадени на Агенцијата и Република Македонија врз основа на овој закон и Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, кои нема да се продадат до 31 декември 2003 година, се пренесуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

На Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се пренесуваат и акциите и уделите со кои ќе се стекне Република Македонија, согласно со овој закон по 31 март 2004 година.
Акциите од ставовите 1 и 2 на овој член со денот на преносот се конвертираат во приоритетни акции.
Во случаите кога акциите издадени на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија врз основа на член 19 од овој закон и пренесените акции од ставовите 1 и 2 на овој член учествуваат со повеќе од 51% од главнината во друштвото, истите се обични акции.
Одредбите од ставовите 3 и 4 на овој член соодветно се применуваат и на уделите.
При продажбата на акциите, односно уделите издадени на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија согласно со овој закон, соодветно се применуваат членовите 95-а став 1, 5 и 6 и 95-в став 1 од овој закон.

Член 8

Средствата (објектите, машините и друга опрема) кои до влегувањето во сила на овој закон и биле пренесени на Агенцијата согласно со член 89-а од овој закон и Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за приватизација имаат акции и удели, кои нема да се продадат или на друг начин не било располагано со истите во согласност со член 89-а од овој закон, до 31 декември 2003 година, се пренесуваат на Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.
Правата, обврските и надлежностите на Агенцијата утврдени во член 89-а од овој закон и Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за приватизација имаат акции и удели, по 31 декември 2003 година, преминуваат на Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.

Член 9

Надлежностите на Агенцијата што се однесуваат на следењето на обврските на плаќањето врз основа на договорите склучени во постапка на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно на договорите за продажба на акции и удели издадени врз основа на

општествен и државен капитал, по 31 март 2004 година, преминуваат во Министерството за финансии.

Член 10

Опремата, инвентарот и документацијата на Агенцијата, сврзана со работите од членовите 7, 8 и 9 на овој закон, се пренесуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија и Министерството за финансии.

Член 11

Надлежностите, правата и обврските на Агенцијата утврдени со овој закон кои не се пренесуваат, односно не преминуваат на субјектите од членовите 7, 8 и 9 на овој закон, по 31 март 2004 година, преминуваат во Министерството за економија.

Имотот, опремата, инвентарот, архивата и другата документација на Агенцијата поврзано со надлежностите, правата и обврските од став 1 на овој член се пренесуваат во Министерството за економија.

Член 12

Вработените во Агенцијата ги преземаат Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за економија, согласно со актите за систематизација на работите и задачите.

Член 13

За пренесување на акциите и уделите, средствата (објектите, машините и другата опрема), другиот имот, опремата, средствата за работа, паричните средства, архивата и документацијата и за преземање и распоредување на вработените од Агенцијата, Владата на Република Македонија формира Комисија.

Комисијата од став 1 на овој член се формира од претставници на: Агенцијата, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.

Комисијата од став 1 на овој член сочинува делбен биланс на Агенцијата и дава мислење за распоредување на вработените во субјектите од член 12 на овој закон.

Владата на Република Македонија конечниот делбен биланс го утврдува најдоцна до 31 март 2004 година.

Член 14

Постапката за продажба на уделите по јавен повик за прибирање на понуди по кои е извршено јавно отворање на понудите, до влегувањето во

сила на овој закон, продолжуваат според одредбите на членовите 50 и 50-а од овој закон.
Над претпријатијата кои до 31 март 2004 година нема да ј а отпочнат постапката за нивна трансформација, се спроведува ликвидација согласно со Законот за трговските друштва.

Член 15

Остатокот од стечајната маса од член 86 на овој закон, по 31 март 2004 година, се пренесува на субјектите од членовите 7, 8, 9 и 11 на овој закон.

Член 16

Агенцијата за приватизација по 31 март 2004 година престанува со работа.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи член 9 ставови 1, 2, 3 и 4 и член 11 од Законот за приватизација на државниот капитал ("Службен весник на Републи-ка Македонија" бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000 и 6/2002).

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".